РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-1132/2
18 -07- 2024 година

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот со адреса на ул. бр , поднесено на 03.07.2024 година, директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето поднесено од заведено под број 08-1132/1 од 03.07.2024 година, СЕ УВАЖУВА.
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да ги достави бараните информации до барателот во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот до Агенцијата за администрација на ден 03.07.2024 година поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараат следните информации од јавен карактер:

*Записник од седница на Комисијата на АА за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен одржана на 14.05.2024 година.*

Имајќи го предвид фактот дека Агенцијата за администрација располага со бараните информации од јавен карактер, а постапувајќи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против донесеното решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ДИРЕКТОР,

Изработил:
Согласен:

<u>Доставено до</u>:
- Директор;
- Барателот на информацијата;
-Сектор за правни работи и
-Архива.